РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
БР. 01-314/3
17.07 2025 год.
Битола

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
БИТОЛА

Тел/факс. + + 389 47 233 - 419
Тел/факс. + + 389 47 552 - 418
E-mail: ckbitola@yahoo.com

До: Министерство за култура и туризам на РС Македонија

Предмет: Наративен извештај за работа на НУ Центар за култура – Битола во периодот јануари – јуни 2025 година

I. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Националната Установа Центар за култура – Битола е формирана во 1980 година. Во текот на повеќе деценискатa работа и активност, иницира, продуцира и афирмира високо квалитетни содржини од сите сфери на културата и уметноста.

Секоја година Центарот за култура – Битола настојува да ги реализира проектите и програмите кои имаат долгогодишна традиција но и да продуцира нови содржини кои се одраз на модерните светски културни текови.

Годишната програма за работа, НУ Центар за култура - Битола, е планирана и насоченакон реализација голем број на во проекти, концерти и манифестации во областа на музичко – сценската, драмската, визуелните дејности архитектурата и дизајнот како и кино – прикажувачката и другите дејности.

Со цел да се има увид во реализираните активности во периодот јануари – јуни 2025 година, активностите се прикажани систематизирано во следните делови:

- Манифестации, фестивали, концерти и проекти од музичко – сценската, драмската, фолклорната дејност и визуелните уметности архитектурата и дизајнот во продукција на НУ Центарот за култура – Битола.
- Киноприкажувачка и филмска дејност.
- Манифестации и проекти во организација на други субјекти, поединци, здруженија и институции во соработка со НУ Центар за култура – Битола.

II. МАНИФЕСТАЦИИ, ФЕСТИВАЛИ, КОНЦЕРТИ И ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКО – СЦЕНСКАТА, ДРАМСКАТА, ФОЛКЛОРНАТА ДЕЈНОСТ И ВИЗУЕЛНИТЕ УМЕТНОСТИ АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ВО ПРОДУКЦИЈА НА НУ ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА

1. Концерт на Камерниот оркестар на Битола „Засекогаш во срцата“ 2025

- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **05 април 2025 година, 20:00 часот**

Повод

Тоше Проевски и неговите песни се наша историја но и наш водич кон музичката иднина. Токму тој сегмент на постојаност и незаборав, се запазува, одржува и овековечува со концертите под наслов „Засекогаш во срцата“ кои традиционално се реализираат во НУ Центар за култура – Битола, како обележје и трајно сеќавање на една светска - а наша ѕвезда.

Концертот „Засекогаш во срцата“ премина во традиција и секоја година се реализира околу датумот на роденденот на Тоше Проевски. Оваа година публиката имаше можност да ги проследи големите хитови кои тој ги отпеа, а слободно може да се каже дека тоа се најголемите евергрини од посовремено време. Песни кои не враќаат години наназад и потсетуваат на вокалот и човекот кој, како што велеше тој, не' сакаше сите нас и со сосем е сигурно дека неговите интерпретации, духовни вредности ќе живеат уште многу децении во колективната меморија на публиката во ннашата држава и пошироко.

Неговите песни ќе останат запишани во поновата музичка историја како олицетворение на блиското минато, сегашноста и ќе претставуваат светол правец кој го следат и ќе го следат уште многу музичари во иднината. Тој бил, живее и секогаш ќе биде меѓу нас. Детето со ангелски глас ќе остане светол пример за младите генерации.

Концертот е посветен и за трагично настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани меѓу кои беа и членовите на музичката група ДНК.

Зборови се малку за да се искаже болката и тагата.

Посвета и реализација

Концертот со симболичен наслов „Засекогаш во срцата“ оваа година се одржа по седми пат во организација и реализација на НУ Центар за култура - Битола во соработка со Камерниот оркестар на Битола, Здружението МУЗИК АРТ и нивните гости. Како и секоја година проектот е подржан од Министерството за култура и туризам на РС Македонија.

Концертот кој се одржа на 05 април 2025 година во големата сала на НУ Центар за култура – Битола беше посветен на Тоше Проески, групата ДНК и трагично настраданите во несреката во Кочани.

Во рамките на предвидената програма песните на Тоше Проески и групата ДНК ги изведуваа познати македонски пејачи: Андријана Јаневска, Наде Талевска, Ѓоко Танески, Димитар Андоновски, Бојан Стоков, Горан Наумовски, Ана Петановска, Јасна Димитровска, Мина Блажев, Мариа Митровска, Ангела Илизовска. Покрај нив во рамките на концертот зедоа учество и поп рок хорот „БИТВОКС“ и тин хорот „ПОПРОКЕТ“ под раководство на Марина Коруновска, како и децата од Заводот за рехабилитациа „Кочо Рацин”. Композициите беа изведени од Камерниот оркестар на Битола под диригентската Владимир Димовски.

Програмата ја сочинуваа следните композиции:

1. „Ако утре ме нема“ – Андријана Јаневска
2. „Ако ме погледнеш во очи“ – Бојан Стојков
3. „Има ли ден за нас“ – Ана Петановска
4. „Иконо моја“ – Бојан Стојков
5. „Још увјек сањам да смо заједно“ – Мина Блажев
6. „Соба за тага“ – Мариа Митровска
7. „Цреша“ – Ангела Илизовска
8. „Усни на усни“ – Горан Наумовски
9. „Полско цвеќе“ – Димитар Андоновски
10. „Кога те нема“ – Наде Талевска
11. „Полско цвеќе“ – Наде Талевска
12. „Животе брате“ - Димитар Андоновски и Бојан Стојков
13. „Hardest thing“ – Јасна Димитровска
14. „Is this love“ – Ѓоко Танески
15. „Боже чувај ја од зло“ – Мина Блажев
16. „Све је овои премало за крај“ – Димитар Андоновски
17. „Среќна ли си ти“ – Јасна Димитровска
18. „Игри без граници“ - Наде Талевска
19. „Тајно моја“ - Ѓоко Танески
20. „Срце није камен“ - Димитар Андоновски
21. „АРИА“ - Наде Талевска
22. „За овој свет“ - Наде Талевска и Ана Петановска

Посебно емотивно беше изведена песната *„За ово свет"* од Тоше Проески - во оркестрациа на Владимир Димовски, а во изведба на НУ Камерен Оркестар на Битола, со вокали на Наде Талевска, Ана Петановска, поп рок хорот БИТВОКС и тин хорот ПОПРОКЕТ и деца со интелектуална попреченост при заводот за рехабилитациа „Кочо Рацин“ Битола.

Проектот уште еднаш покажа што значи вистинска соработка, заедништво и искрена емоција. Зад проектот стои тим од стручни лица, уметници ентузијасти кои со секој нов проект покажуваат што значи доверба и хармонија.

Концертот со времетраење, од околу 90 минути го проследија 850 посетители. На крајот од концертот, сите учесници беа наградени со аплаузи и стоечки овации од страна на публиката. Дел од финансиските средствата од концертот беа донирани за настрадaните во пожарот во Кочани.

2. Промоција на монографија
„25 години Интернационален фестивал на Монодрама – Битола“
Автори: Автори Сашо Димоски и Билјана Крајчевска
- НУ Центар за култура – Битола, мала сала
- 21 мај 2025 година, 12:00 и 14:00 часот

Монографскиот текст **„25 години Интернационален фестивал на монодрама“, Битола, Билјана Крајчевска,** всушност претставува една ретроспектива на четвртина век активна и континуирана реализација на Интернационалниот фестивал на монодрама - Битола. Од 21 - 24.10.1999 година па до денес, традицијата за реализација на овој фестивал на монодрама не застанува. Учествувале актери од целиот свет, кои се здобиле со голем број награди. За фестивалот, односно за монодрамата, дел од учесниците и видни личности, пишуваат:

Писмо од Трајче Кацаров - НИШТО ПОДОБРО НЕ МИ СЕ СЛУЧИЛО ВО ТЕАТАРСКИОТ СВЕТ - Уште со првите чекори на Фестивалот тргнавме рамо до рамо. Го подржував најпрво како член на жири комисијата за монодрамски текст. Потоа како селектор, па како водител на разговорите на тракалезната маса, како член на жири комисија за најдобар монодрамски настап и како учесник во официјалната програма и тоа на два пати. Методи Коловски актерот кој ја изведе монодрамата, по мој текст, „Идиотите никогаш не умираат“ од Директориумот на Меѓународните фестивали доби награда која му ги отвораше вратите на сите светски монодрамски фестивали.
Секогаш кога ќе помислам на фестивалот се сеќавам на зборовите на татко ми: „ Трајка внимавај како го разгледуваш подадениот материјал, мислеше на пиесите, тоа бара сериозен пристап. Фестивалите на „моноспектаклите“ се голема работа. Го имаме и во нашава Македонија. Да бидеме горди на него.“

Писмо од проф. д-р Христо Петрески - Фестивалот на монодрамата во Битола, кога станува збор за монодрамата - е единствена од тој вид манифестација кај нас. Тоа е специфичен, оригинален и би се рекло уникатен Фестивал, кој веќе 25 години со успех се организира и одржува во Градот на театарот. Повеќе години го следев и проследував Фестивалот на монодрамата и слободно можам да го кажам мојот впечаток – дека ми беа тоа моите прекрасни, незаборавни и трајни спомени, зашто видов голем број претстави, запознав многу личности и напишав и објавив повеќе текстови, осврти и рецензии.Фестивалот на монодрамата е празник, смотра и натпревар, каде се согледува на лице место, се учи и се пренесува и знаење, и радост и искуство. И јас сум лично пресреќен секогаш кога сум поканет и учесник на овој богат, динамичен, спонтан, редок и незаменлив Фестивал.

Петар Темелковски - САМ ПРОТИВ СИТЕ - Насловот е метафоричен но и сурово конкретен. Без ничија и никаква помош, актерот стои сам на сцената и кажува текст кој не може а да не го каже. Тоа е внатрешен императив, глас од неговата најголема длабочина кој е посилен од него. Стои сам, како во свет храм и се соголува до гола коска. Овој „стриптиз", во естетска смисла, можен е само со исповедна глума, идеал на врвно сактерско мајсторство. Монодрамата е далечен и долг пат до својата етичка вертикала. Во неа, актерот е Сизиф и Прометеј истовремено.
Како еден актер да го задржи вниманието на публиката која е растргната помеѓу многу работи истовремено? Како да се доживее заедничка катарза која ќе нé грее уште долго после изведбата? Овие и многу други прашања, ме инспирираа за да го создадеме фестивалот на монодрама во Битола, град со олимписки татарски височини. И јас учествував на фестивалот со три мои монодрами, секогаш вон конкуренција, за да не се случи „судир на интереси". За среќа, се случи судир на театарски енергии, без кои нема да можам да одам цврсто и исправено низ чудесната магија на сонот, наречен монодрама. Нека нѝ е вечен фестивлот!

Ibrahim Miari-Izrael - Congratulations to The Bitoa International Monodrama Festival on its 25th anniversary! The impeccable organization and outstanding professionalism were evident from the moment I arrived. The staff made me feel welcomed and supported, ensuring a seamless experience throughout. The accommodations provided were not only very comfortable but also conveniently located within walking distance to performance venues and great coffee shops. Winning the Audience Favorite award for my play, "In Between," in 2022 was a tremendous honor, amplified by the palpable enthusiasm of the supportive

audience at every performance. The near sell-out shows were a heartwarming testament to the festival's popularity and the dedication of its attendees. Maja Andonovska ILijevski, the festival director, and Ljupka Pajevik, with their warmth and organizational prowess, ensured smooth operations and provided invaluable support to all participants. The Bitoa International Monodrama Festival truly shines as a beacon of excellence in the Monodrama Festivals scene, offering unforgettable experiences. I eagerly anticipate participating again in the future and am immensely grateful for the opportunity to be part of such a remarkable event. ~ Ibrahim Miari

Mentor Zymberaj, actor, author & Director of the International Festival of Monodrama in Kosovo "MonoAKT" - The International Monodrama Festival in North Macedonia (Bitola) is one of the most important international monodrama festivals in the world. This Festival managed to develop the monodrama not only in North Macedonia, but also more widely. This was achieved thanks to the cooperation with well-known monodrama artists from North Macedonia, as well as the presence of artists from the International Arena, who were selected and proposed, among others, by a well-known monodrama artist, Mrs. Nina Mazur, who contributed in the development and advancement of monodrama in the world. Another special person who followed the birth and development of this Festival for 25 years was the honorable Mrs. Ljupka Pajevik who was always with us even when we were not present during the Festival. My participation as an actor, author and director was present in many monodramas such as: "Actor in the box", "The Last Dream", "Amok", "My Pettit Officer", "Dreams of Hamlet" evaluated and nominated with awards important of the Festival. Besides participating as an actor, I also participated as a member of the International Jury and International Expert. I wish you many more years of exciting artistic life at the International Monodrama Festival in North Macedonia, Bitol.

Nina Mazur (Vice-President of the International Monodrama Forum (ITI, UNESCO)- 25 years ago the Bitola International Festival of Solo Performances was created, and I had the honor and pleasure to stand at its origins. I note with deep satisfaction that our brainchild turned out to be strong, talented and resilient. Over the years, the festival has acquired a high reputation in the European theater world and has become a member of the International Monodrama Forum (International Theater Institute, UNESCO). The most famous actors from different countries competed for the right to participate in the festival program, and this magnificent parade of theater stars continues to this day. The art of theater has no boundaries; it is called upon to serve goodness, beauty and peace. Our festival was created precisely for this, and its organizers and

participants never forget about their high calling. May the proud Balkans protect beautiful Bitola for many years; let her noble heart beat faster at the word "theater"! And we will do everything to ensure that this festival has many more unforgettable anniversaries ahead.

Teatro Abrego - Spain - Dear friends of the Bitola International Festival. First of all, I would like to congratulate you on such a rich career that leads you to the 25th anniversary, being one of the most interesting festivals that I have participated in in my long career on stages around the world. Thank you very much for your perseverance and great treatment of human quality. I wish you much success in the next 25 years. A hug from Spain

Paulette Smit - I was in the Monodrama Festival as a member of the jury in 2017 and I found it a very inspiring experience.
To visit a festival with completely different cultures and with such high standards and so many passionate people working there, was beautiful to witness.
As a juror I got to see so many different theatre pieces and have in depth discussions with the fellow jurors.
Also visiting the town of Bitola and getting to know the surroundings and other people working in the theater there, was a great experience.
The festival took very good care of us, everything was well organised.
Congratulations, wishing you all the best and on to the next 25 years!
Kind regards,
Nephesh Theatre - Israel - Congratulations on your 25th anniversary of the Bitola International Monodrama Festival. I'll always remember when we participated in the 15th festival- not only because our performance of "Gimpel the Fool" won the Grand Prize that year but because the wonderful way we were treated. We felt very fortunate to represent Israel at the festival and were hosted with grace and generosity. It was very special and felt the warm embrace of all the people there. You have every reason to celebrate and wish you continued success in the future.

Монографскиот текст **„25 години Интернационален фестивал на монодрама", Битола, од** проф. др Сашо Димоски и Билјана Крајчевска, ја издаде НУ Центар за култура – Битола, а се испечати во Печатница „АНС" – Битола.

Промоција на монографија по повод 25 години ИФМ Битола, се реализира во ОФФ програмата на 26-ти Интернационален фестивал на монодрама Битола 2025 на 21.05 (12:00 – 14:00) **„¼ век Интернационален фестивал на монодрама – Битола"** – во Мала сала на НУ Центар за култура – Битола.

Модератор на настанот беше Љубица Ангелкова, додека промотори беа самите автори - проф. др Сашо Димоски и Билјана Крајчевска, секако збор зедоа и Љупка Коларова Пајевиќ која е основач и долгогодишен организатор на фестивалот и Маја Андоновска Илијевски која беше претходен директор на НУ Центар за култура - Битола и во нејзино време се поднесе овој проект.

На промоцијата присуствуваа околу 100 гости и новинари, како и учесници од фестивалот.

3. 26-ти Интернационален фестивал на монодрама – Битола
- НУ Центар за култура – Битола
- од 17 до 23 мај 2025 година

„Еден збор... еден свет - Приказна што кажува многу...Може да биде само еден миг – еден здив... еден трепет... Но истовремено и цел живот. Цела вселена. Може да биде среќа, тага, љубов, една солза, или само... насмевка. Тоа е монодрамата.“

Под слоганот **„Еден збор – еден свет“**, во период од 17.05.2025 до 23.05.2025 година се одржа 26-то издание на Интернационалниот фестивал на монодрама – Битола 2025. Организатор и реализатор на фестивалот е НУ Центар за култура - Битола. Фестивалот е финансиран од *Министерството за култура на Република Македонија* како проект од Национален интерес.

Интернационалниот фестивал на монодрама е реномиран фестивал кој е член на Интернационалниот Форум **„One man show“**, поддржан од страна на **ITI – UNESCO** и разни театарски авторитети од Европа и светот.

Селектор:

Селектор на овогодинешниот фестивал беше режисерот и костимограф Благој Мицевски.

Благој Мицевски, роден 1968 година во Битола. Од 1993 година е постојан член во НУ Народен Театар - Битола, како костимограф, потоа како уметнички директор и во моментов како режисер. Како автор делува најмногу во татарот но и во танцот, опера и филмот, а реализирал и многу изложби со различни содржини. Работел во театри во Македонија но и во многу Национални театри и опери во регионот и во Европа. За својата работа добитник е на многубројни награди меѓу кои и наградата *4ти Ноември на град Битола* за достигнувања во уметноста по повод неговата 30 годишна успешна кариера. Покрај тоа и самиот режирал две монодрами кои наидоа на одличен прием кај критиката и публиката. Во моментов покрај интензивната режисерска и дизајнерска активност тој е селектор и на реномираниот *„Битола Шекспир Фестивал“*, член на Уметничкиот

совет на НУ Народен Театар - Битола како и насловен доцент на Универзитетот Гоце Делчев во Штип каде предава основи на сценографија и костимографија.

Жири на фестивалот:

Оваа година, претставите од официјалната програма ги оценуваше интернационално жири составено од три члена, и тоа:

- **Проф. д-р Рисима Рисимкин** - од Македонија
- **г-дин Лаша Чкартишвили** - од Грузија
- **г-дин Емре Ердем** - од Турција

Рисима Рисимкин е една од водечките македонски кореографки и уметничка директорка на *Скопје танцовиот театар*, првата официјална компанија за современ танц во Македонија. Таа е основач на интернационалниот фестивал *Танц Фест Скопје* и уметнички директор од 2005 до 2024 година.

Рисимкин магистрира на Универзитетот во Пловдив, Бугарија, на Академијата за Музичка и Танцова уметност (АМТИ) на отсек за кореографија, балетска режија и педагогија, со звање *балет-мајстор*, а докторира на државниот универзитет "Кирил и Методиј" во Скопје на тема "Компаративна поетика на современите танцови стилови во Европа во 20 век", каде се стекнува со титулата *Доктор на филолошки науки*.

Рисимкин е основач на Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, која произлегува од нејзината соработка со една од најдобрите светски академии за совредел од универзитетот КОДАРТС во Холандија. Оваа високо-образовна програма започнува со работа во земјава во 2010 година, а од 2017 година е во рамките на УГД, како единствена академија за создавање на современи танчери, не само во нашата земја туку и во целиот регион – Ротердамската академија за современ танц,

Како професор за современ танц, импровизација и композиција и кореографија, Рисимкин предава на Универзитетот Антон Брукнер од Линц, Австрија (2019), Универзитетот Минзу и Пекингшката академија за современ танц во Пекинг, Кина (2016; 2017; 2018 и 2019), Академијата за изведувачки уметности во Братислава, Словачка (2016ч 2017 и 2018), „Holland Dance Festival", Хаг, Холандија (2018) и на Бродвеј, Њујорк (2018), Летен камп за современ танц во Кина во 2015 – Шангси, Ксијан и во 2016 во Јунан и Гуандо

Рисимкин е автор на повеќе трудови за современиот танц и теорија на танцот – „Компаративна поетика на современите танцови стилови во Европа – 20 век" – докторски труд, „Историја на современиот танц – 20 век", „Теорија на танцот", како и уредник на повеќе книги за танц, како „Волшебниот свет на танцот", „На крилјата на танцот", „Патот на промените", „Скопје танцова академија", „Нов

танцов театар“ а преку Интерарт центарот, се јавува како издавач на книгата поддржана од УНЕСКО „Уметноста на танцот“.

Лаша Чхартишвили е истражувач, театарски критичар, вонреден професор на Државниот универзитет за театар и филм „Шота Руставели“ во Грузија, доктор по уметности и раководител на Центарот за истражување на современиот грузиски театар при Универзитетот „Илија“ во Тбилиси, Грузија. Тој е автор и блогер на Artarea TV и предава современ театар и критика на Универзитетот „Илија“. Автор е на десет книги и над 450 театарски рецензии. Во 2004 година ја добива наградата за најдобар професор по историја на уметноста (Министерство за образование на Грузија) и наградата за најуспешен професор по историја на уметноста (Награда на Дворецот на ученици и млади на Грузија). Истата година ја добива и наградата за најдобра студентска театарска студија (Меѓународен фестивал на студентски филмови и претстави „Деби“). Во 2005 година ја добива наградата за најдобар автор на театарска рецензија од Сојузот на театрите на Грузија. Во 2011 година е награден од Сојузот на театрите на Аџарија, а во 2012 повторно добива награда за најдобар театарски критичар од Сојузот на грузиските театри. Тој е член на Меѓународната универзитетска театарска асоцијација (IUTA) и на Меѓународната асоцијација на театарски критичари. Од 2020 година е член на уредничкиот одбор на списанието *Theatre Studies of Central and Eastern Europe*. Основач е и главен уредник на електронското списание *THEATRELIFE.GE*.

Емре Ердем е роден во Истанбул на 02.02.1976 година. Дипломирал на Истанбулскиот универзитет, на Одделот за театар и образовни науки. Емре Ердем дизајнира и започна различни семинари и постави драмски претстави на теми за римски жртви на војна и млади деца, лица со попреченост, зависници од дрога, припадници на трите религии кои учат заедно во училишта со мешана религиозно-социјална култура. Во 2003 година работи како театарски педагог за Фондацијата Јехуди Мењухин. Од 2004 до 2006 година е потпретседател на TECOM UNESCO ITI за Театарска едукација, а подоцна е избран за Амбасадор на меѓународни фестивали, што го доведе до различни активности како Претседател на конгрес, Жири и Обучувач.

За *Истанбул 2010 - Европска престолнина на културата*, Емре Ердем го водеше Одделот за филм и анимација. Меѓу неговите проекти беа и режија на „Крал Лир“ за театарот Globe на Шекспир, советник за турнејата на театарската претстава „Љубовни писма“ со Жерар Депардје во Турција, и драматург за Off-Broadway продукцијата „Abingdon Blood Feud“.

Емре Ердем ја постави претставата „Последната лента на Крап“ од Семјуел Бекет, првата курдска театарска претстава изведена за првпат во светот. Светската премиера се одржа на Меѓународниот театарски фестивал во Тбилиси. Претставата гостуваше во Грузија, Ерменија, Турција, Македонија, Косово и

Украина, каде што Косово доби награда за Најдобар машки актер, а Украина за Најдобра продукција. Претставата сè уште се изведува.

Ердем работел во: Grips Theatre, Берлин / NO Theatre, Јапонија / Театарот „Достлар", Турција / Tiyartrom, Турција / Theatre Painted Bird, Турција / Истанбулски државен театар... Режирал многу дела од Волкер Лудвиг, Б. Брехт и други.
Во 2016 година, заедно со Светскиот претседател на ITI UNESCO, Емре Ердем иницираше и започна посебен интерпретативен танцов перформанс инспириран од поезијата на Мевлана Џелаледин Руми, насловен „Размислување" (Rumination), во изведба на главниот солист на Истанбулската опера и балет, Мехмет Нури Аркан. Награди кои ги добил: Награда за труд од УНИЦЕФ, Театарска награда за нова генерација „Афифе Јале", Театарска награда за нова генерација „Садри Алишик". Тој работи во театарот *Painted Bird* како режисер и драматург. Исто така, работи како консултант за театарот *STET*. Тој е член на *ITI UNESCO Monodrama Forum*, *IATC* и *Pen Club*.

Реализација на фестивалот

17.05.2025 – Свечено отворање

На свеченото отворање на фестивалот, во салата на НУ Народен театар - Битола, беше прочитан говорот на **д-р Џесика Атвуки Каава** - Претседател на ITI (Меѓународен Театарски Институт) – Светска организација, која е под УНЕСКО. Меѓу останатото таа напиша:

„Како Меѓународен театарски институт – Светска организација, горди сме што сме дел од уште еден значаен момент на прикажување на изведувачките уметности во рамките на 26-то издание на Меѓународниот фестивал на монодрама во Битола (17–23 мај 2025).

Во време кога светот се соочува со турбуленции предизвикани од социо-економски потешкотии, политички немири, културна фрагментација и загрижувачко враќање на конфликти и војни, овој фестивал претставува светол симбол на единство и надеж. Во средината на поделбите, изведувачките уметности нудат прибежиште – простор каде што дијалогот цвета, каде што приказните ги надминуваат границите, и каде што нашата заедничка човечност наоѓа израз.

Меѓународниот театарски институт – Светска организација, најголемата организација под покровителство на УНЕСКО, ја поздравува извонредната посветеност на ITI – Македонија и нејзините соработници. Вашата бескомпромисна посветеност и визионерско водство, поддржани од вашите национални институции, не само што го оживеаја овој фестивал, туку и ги обединија креативните сили од целиот свет во една прослава на уметничкиот дух.

Овој фестивал не е само настан; тој е повик за трајна посветеност, креативност и соработка. Тој е платформа која ги отелотворува вредностите што ги негува Меѓународниот театрски институт: културен развој, меѓународна соработка, инклузивност и суштинската моќ на човечкото поврзување.
Стоиме рамо до рамо со вас со почит и благодарност. Нека овогодинешниот фестивал остави трајно наследство на креативност што ќе ги надмине нашите сегашни предизвици и ќе поттикне дијалог меѓу заедниците.“

Исто така на официјалното отворање на 26-то издание на Интернационалниот фестивал на Монодрама – Битола, одржа поздравен говот и в.д. директорот на НУ Центар за култура Битола - **Влатко Илиевски**, кој посака добредојде на учесниците и гостите на фестивалот и посака среќен и успешен почеток:

„Дами и господа, почитувани гости, уметници, вљубеници во театарот!
Добре дојдовте на 26-тиот Интернационален фестивал на монодрама 2025! Како директор на овој уникатен фестивал, ми е чест и привилегија да ве поздравам на оваа сцена на уметноста и креативноста, која денес ни го дава просторот за споделување на емоции, идеи и нови перспективи.
Фестивалот што го започнуваме денес е резултат на неуморна работа, посветеност и страст на сите кои се дел од оваа организација. Од нашиот тим, преку учесниците, до вас, публиката – сите вие сте тие кои ги прават претставите живо и незаборавно искуство. Оваа година, имаме прилика да ги поздравиме учесниците од различни делови на светот, кои ќе ни ја донесат својата визија и талент. Битола, град со силни театарски корени, се одликува со посебен шарм кој ја инспирира секоја креативна душа, а овој Фестивал го започнуваме со надеж дека ќе биде место на нови соработки, размислувања и секако, нови откритија.
Слоган на овогодинешниот фестивал е едноставен, но длабок: „Еден збор – еден свет“. Во овие неколку зборови се крие целокупната магија на монодрамата, како уметничка форма која ја има силата да создаде целосен свет со само еден актер, со само еден изговорен збор.
Битола има долгогодишна традиција на театар и култура и за нас е голема чест да ја одржуваме и поттикнуваме оваа традиција преку фестивалот. Нека оваа вечер биде почеток на патување низ нови перспективи, нови искуства и нови истражувања на човековата душа. Секој изведувач, секоја претстава која ќе се случи во наредните денови,

ќе ни понуди еден збор и еден свет што ќе ги дефинира следните моменти, давајќи ни нови приказни, нови емоции и нови инспирации.
На крај, сакам да им се заблагодарам на Министерство за култура и туризам, Општина Битола, партнерите и спонзорите кои го овозможија овој фестивал и секако на вас, драга публико, што сте тука да ги доживеете овие моменти на театарска магија.“

Градоначалникот на град Битола, **Тони Коњановски** свечено го отвори 26. Интернационален фестивал на монодрама – Битола, со следното обраќање:

„Почитувани актери, уметници, драги гости, ценета публико,
Голема чест и задоволство ми е да ви посакам добредојде на отворањето на 26. издание на Интернационалниот фестивал на монодрама – културен настан кој низ годините израсна во препознатлив симбол на нашиот град Битола, на нашата држава, како и на меѓународно ниво.
Монодрамата, како најинтимна и најлична форма на театарската уметност, претставува вистински предизвик за актерите, но и длабоко доживување за публиката. Таа ни овозможува да sирнеме во најскриените човечки емоции, мисли и борби, исклучиво преку силата на зборот и актерската изведба. И токму затоа, овој фестивал е посебен. Тој не само што го слави театарот, туку и храброста на индивидуата да застане сама пред светлата на сцената и да ја раскаже својата приказна.
Битола, со својата долга и богата театарска традиција, се покажа како совршено место за ваков фестивал, бидејќи Битола не е само град на конзули и на историја, Битола е град на отворени срца, на талентирани уметници, на публика што знае да препознае вредност. Овој фестивал, кој веќе над четврт век ја збогатува нашата културна сцена, е доказ за тоа. Вечерва и во наредните денови со нас имаме актери од 9 држави - Македонија, Полска, Литванија, Шпанија, Киргистан, Грузија, САД, Романија и Бугарија.Овој фестивал не само што ја збогатува културната понуда, туку и придонесува за интернационална соработка, размена на идеи, искуства и уметнички визии. Деновиве, нашата општина ќе биде вистински културен центар каде се среќаваат различни јазици, традиции и уметнички стилови на актерството, преку индивидуалните пристапи и визии на актерите и нивните тимови. Сакам да изразам благодарност до организаторите, уметниците, поддржувачите, волонтерите, како и до сите кои вложуваат труд овој фестивал да продолжи да живее и да се развива.

Нека и ова 26. издание донесе незаборавни моменти, силни емоции и нови уметнички височини, во наредните фестивалски денови. Ви благодарам.“

Во рамките на свеченото отворање на фестивалот, Скопје танцов театар – Интерарт културен центар се претстави со современата танцова претстава **„Д (како Дездемона)“**, инспириана од трагедијата на Вилијам Шекспир „Отело“ во кореографија и режија на Рисима Рисимкин на музика од: Тони Китановски.

Програма на фестивалот

Во рамките на 26-от Интернационалниот фестивал на монодрама - Битола се реализира официјална и ОФФ – програма и тоа:

Официјална програма

17.05.2025 (сабота)
20:00 часот - Сцена на НУ Народен театар – Битола

Свечено отворање

„Д (КАКО ДЕЗДЕМОНА)“
Скопје танцов театар – РС Македонија
кореографија и режија Рисима Рисимкин
Музика: Тони Китановски
Костими: Благој Мицевски
Сценограф: Матеа Мијановиќ
Настапија:
Дездемона: Анастасија Данчевска / Адријана Данчевска
Јаго: Дејан Битровски
Отело: Лука Ѓорѓиевски
Емилија: Сара Димовска
Сенка: Давор Милев
Гласови: Надја Луканова, Елена Терзиева, Ивона Маневска

18.05.2025 (недела)
20:00 часот - Голема сцена, НУ Центар за култура - Битола
„ПАРАДОКС“
театар „Маска” – Јелења Гора, Полска
режија и автор Криштов Пулковски
актер Криштов Рогачевич

21:30 часот - Нова Сцена, НУ Центар за култура – Битола
„КОЈ ЗНАЕ ЗОШТО?“
НУ Народен театар Битола, Здружение Купола,
РС Македонија
автор Фјодор М. Достоевски
режија Дамјан Читкушев
актер Ане Блажовски

19.05.2025 (понеделник)
20:00 часот - Голема сцена, НУ Центар за култура – Битола
„ПРИКАЗНА ЗА Г-ДИН СОМЕР“
театар „Кастел“ – Клаипеда, Литванија
автор Патрик Зискинд
режија Алвидас Визгирда
актер Ауримас Пинтулис

21:30 часот - Нова Сцена, НУ Центар за култура – Битола
„КРИГ“
продукција Macedonian centar ITI / PRODUKCIJA, РС Македонија
продуцент и режија Иванка Апостолова Баскар
актер Здравко Стојмиров

20.05.2025 (вторник)
20:00 часот - Голема сцена, НУ Центар за култура - Битола
„ЛИРСКО ВИЛИНСКО КОЊЧЕ“
театар „ МикрОпера“ – Сарагоса, Шпанија
продуцент Пабло Висенте
режија Ампаро Нугес и Зелија Ланаспа
автор и актер Зелија Ланаспа

21:30 часот - Нова Сцена, НУ Центар за култура - Битола
„ОКОТО НА ДЕМНАЧОТ“
Национален руски драмски театар „Чингиз Ајтматов“
Бишкек, Киргистан
драматург, режија и актер Александар Панин

21.05.2025 (среда)
20:00 часот - Голема сцена, НУ Центар за култура - Битола
„МЕДЕА“

Драмски и куклен театар Лагодехи - Лагодехи, Грузија
режија Ражден Кервалишвили
актер Мадона Шубитиџе

21:30 часот - Нова Сцена, НУ Центар за култура - Битола
„НЕКА БИДЕ УМЕТНОСТ!“ – САД
автор, режија и актер Роналд Ранд

22.05.2025 (четврток)
20:00 часот - Нова Сцена, НУ Центар за култура - Битола
„АЛМА МАЛЕР“
Источен Театар– Лублин, Полска
автор Сашо Димоски
режија и актер Денис Абабеи - Романија

21:30 часот - Голема сцена, НУ Центар за култура – Битола
„ДЕКАМЕРОН“
Државен куклен театар Сливен ,Бугарија
драматург Нина Мазур
режија Невена Митева
актер Ана Петрова

23.05.2025 петок
20:00 часот - Сцена на НУ Народен театар - Битола
Свечено затварање и доделување на награди

„КУФЕР.МК“
НУ Народен театар - Битола - РС Македонија
автор, идеја и концепт Соња Михајлова и Благој Мицевски
режија Благој Мицевски
актер Соња Михајлова

ОФФ – Програма

Покрај официјалната програма на фестивалот, оваа година имавме **офф програма**, работилници, конференции – сè во духот на монодрамата.

- 18.05 – 23.05 (11:00 – 14:00) **„Статуи на Широк Сокак“**
  Локации: Магнолија, пред А1 на Широк Сокак, Кафана „Корзо„ и пред Офицерски дом – КИЦ.

- 19.05 (12:00 – 14:00) **„Еден збор – безброј приказни“** – Работилница за деца на возраст од 12 до 16 години со драматургот Билјана Крајчевска – Прв дел
  Локација: Мала сала на НУ Центар за култура – Битола.
- 20.05 (12:00 – 14:00) **„Еден збор – безброј приказни“** – Работилница за деца на возраст од 12 до 16 години со драматургот Билјана Крајчевска – Втор дел
  Локација: Мала сала на НУ Центар за култура – Битола.
- 21.05 (12:00 – 14:00) **„¼ век Интернационален фестивал на монодрама – Битола“** – Промоција на монографија по повод 25 години ИФМ Битола
  Локација: Мала сала на НУ Центар за култура – Битола.
- 22.05 (12:00 – 14:00) **„УМЕТНОСТ НА ТРАНСФОРМАЦИЈА“** – Работилница за деца на возраст од 16-20 години со културниот амбасадор, магистер по глума, наставник, специјалист Фулбрајт/визитинг професор Роналд Ранд
  Локација: Мала сала на НУ Центар за култура – Битола.
- 23.05 (12:00 – 13:00) **„Монодрамата како мост меѓу културите“** – Панел дискусија со проф. д-р Сашо Димоски
  Локација: Голема сцена на НУ Центар за култура – Битола
  23.05 (13:30 – 14:30) **„Алма Малер“** – Панел дискусија со проф. д-р Сашо Димоски, актер Васил Зафирчев и модератор и драматург Билјана Крајчевска
  Локација: Голема сцена на НУ Центар за култура – Битола

Свечено затворање - 23.05.2025

На почетокот на свеченото затворање се обрати директорот на НУ Центар за култура – Битола, кој воедно е и организатор на 26-от Интернационален фестивал на Монодрама – Битола – **Влатко Илиевски**.

„Почитувани уметници, почитувани гости, пријатели на театарот, Дами и господа,
Вечерва стоиме на прагот на уште едно успешно завршено издание на Интернационалниот Фестивал на монодрама – 2026. Горд сум и благодарен што повторно, заедно, создадовме уметност, ја прославивме моќта на индивидуалниот израз и го потврдивме значењето на театарот како простор за дијалог, рефлексија и вистина. Секоја монодрама беше уникатен глас, силна емоција, храбар артистички став. Нашата сцена беше дом на талентирани уметници од земјата и од странство, кои со својата посветеност и страст не' потсетија зошто го сакаме театарот – затоа што нè поврзува, нè предизвикува и нè менува. Огромна благодарност сакам да

изразам до сите мои вработени на Центар за култура: стручните соработници и администрацијата, техниката, без чие денонокно залагање реализацијата на овој Фестивал би била невозможна.
На крај, дозволете ми да изразам уверување дека монодрамата, иако е жанр кој почива на еден актер, е токму доказ дека еден глас може да има ехо што одекнува далеку – во срцата на гледачите, во нашата култура, во времето. Со желба за нови средби, нови приказни и уште повпечатливи изведби, го прогласувам за затворен 26-тиот Интернационалниот Фестивал на монодрама во Битола. Нека уметноста продолжи да нè води! Се гледаме наредната година. Ви благодарам. На крајот, главниот „виновник" за тоа што уживаме во овие монодрамски остварувања во сите изминати 26 години е основачот и организаторот, нашиот стручен соработник Љупка Коларова Пајевиќ, под чие неуморно водство се организираа сите досегашни изданија на Интернационалниот Фестивал на монодрама. Љупка со тоа остави голем белег во нашата институција, во нашиот град Битола и Македонија. Ти посакувам многу здравје, срекни пензионерски години и долг живот. И ти ветувам дека ќе продолжиме со голем ентузијазам да го организираме Фестивалот на монодрама, да го унапредуваме и усовршуваме. Ти ни го зацрта патот и ни ги даде насоките, ние продолжуваме да работиме и да го подигнуваме нивото. Се надевам дека ќе се гордееш со нас како и сите ние што се гордееме со тебе. Ти благодарам и ти ја доделувам оваа плакета за особен придонес за развојот на Фестивалот на монодрама!"

Веднаш по обраќањето директорот на фестивалот Влатко Илиевски на стручниот соработник Љупка Коларова Пајевиќ, како заслуга за долгогодишна успешна реализација на фестивалот и додели плакета за основање и долгогодишна реализација на Интернационалниот фестивал на монодрама во Битола.

Од страна на интернационалното жири, на учесниците беа доделени три награди:

Одлука на жири комисија за
26ти Интернационален фестивал на Монодрама – Битола
17 – 23 мај 2025

Овој актер ниту танцуваше, ниту пееше, ниту изведуваше акробатски подвизи на сцената. Сепак, тој раскажуваше приказни - отелотворувајќи човечки суштества од различни карактери и погледи на светот. Од првиот момент, тој ја плени публиката. Неговите најголеми алатки беа неговата префинета вештина, елоквентен сценски говор и маестрално присуство.

Награда за најдобар актер

„НЕКА БИДЕ УМЕТНОСТ!“ - САД

Автор, режија, актер: Роналд Ранд

Актерот не постои без режисер. Режисерот може да остане зад сцената, но неговото присуство се чувствува во секој детал од претставата. Среќен е режисерот кој го избира вистинскиот актер - и обратно. Таква соработка се роди токму во оваа претстава, каде што режисерот беше отелотворен во актерот. Можевме да ги почувствуваме мислите на режисерот, можевме да ја видиме - во најмалите гестови - поддршката што му се дава на актерот.

Награда за најдобра режија

„ДЕКАМЕРОН“ - Државен куклен театар - Сливен, Бугарија

Драматург: Нина Мазур

Ражија: Невена Митева

Актер: Ана Петрова

Оваа претстава имаше сè: режија, музика, сценографија - и најважно од сè, извонреден актер кој правеше чуда на сцената. Актер кој веднаш создаде врска со публиката и ја направи дел од нивната приказна. Тоа е дело на тим: режисерот, дизајнерот и актерот. Оваа продукција беше хармонија од сите овие елементи.

Гран при

„ЛИРСКО ВИЛИНСКО КОЊЧЕ“ - Театар МикрОпера - Сарагоса, Шпанија

Продуцент: Пабло Висенте

Режија: Амаро Нугес и Зелија Ланаспа

Автор и актер: Зелија Ланаспа

Награда од публика

Оваа награда е од публика но ја доделува Општина Битола и тоа е плакета. Оваа година наградата беше доделена од страна на градоначалникот д-р Тони Коњановски на претставата:

„ДЕКАМЕРОН“ - Државен куклен театар - Сливен, Бугарија

Драматург: Нина Мазур

Ражија: Невена Митева

Актер: Ана Петрова

За крај, во чест на наградените беше изведена претставата:

„Куфер.мк“, во продукција на **НУ Народен театар – Битола**

режија на Благој Мицевски и **актер** Соња Михајлова.

Со тоа заврши 26. Издание на Интернационалниот фестивал на монодрама – Битола 2025 година.

Благодарност од актерот од Америка Роналд Ранд

„Беше огромна чест и една од најголемите радости во мојот живот да настапам на 26. Меѓународен фестивал на моно-драма во Битола.Простете ми за доцнењето со ова писмо. Веднаш штом се вратив, морав да започнам со подготовки за преселба, и ми е драго што конечно можам да ви се заблагодарам за поканата. Беше вистинско задоволство да ве запознаам и да имаме можност да разговараме. Каков прекрасен фестивал беше тоа – секој момент ми беше посебен и значаен. Длабоко сум почестен што ја добив Наградата за најдобар актер од страна на жирито. Исто така, ми беше голема чест и задоволство да учествувам на панел-дискусијата за моно-драмата, како и да го споделам мојот работилница „Уметноста на трансформацијата" со толку прекрасни средношколци. Пресреќен сум што American Corner соработуваше за да се реализира тоа. Исто така, благодарам што ми овозможивте да ја посетам Хераклеа Линкестис. Беше особено посебно искуство да се биде таму, особено да се види театарот.

Многу сум благодарен и што Искра ми помогна на толку многу начини. Таа беше извонредна и навистина придонесе мојата проба и изведбата да излезат толку добро. Искрено сум благодарен на сите кои беа дел од Фестивалот и кои помогнаа да биде толку успешен. Ве молам пренесете ја мојата најдлабока благодарност до в.д. директорот на НУ Центар за култура – Влатко Илиевски. И останувам почестен и неизмерно благодарен на Благој Мицевски – како и на Рисма Ресимкин, Емре Ердем и Лаша Чхквартишвили. Ве молам пренесете ја мојата најдлабока благодарност и восхит до Лаша за неговите прекрасни критики на сите изведби на Фестивалот – длабоко бев трогнат од неговите зборови за мојата изведба. Моментално сум назад во Северна Каролина, во процес на објавување на мојата четврта книга – збирка поезија и слики. Се подготвувам за заминување во јули, бидејќи сум поканет да бидам член на жирито на 37. Меѓународен фестивал на универзитетски театар во Касабланка, како и да ја предавам мојата работилница „Уметноста на трансформацијата". Ви посакувам прекрасно лето и се радувам на повторна средба со вас во блиска иднина. Со најтопли желби за добро здравје, љубов и мир, Роналд.

Критички осврт за претставите

Лаша Чкартишвили е познат тетаролог и театарски критичар од Грузија, кој оваа година беше член на жири комисија на 26-тиот Интернационален фестивал на монодрама. Во текот на фестивалските денови, следејќи ги претставите тој забележа и критики за секоја од нив:

Универзална претстава на вечни теми

„26-то издание на Меѓународниот фестивал на монодрама во Битола - еден од најстарите и најзначајните театарски форуми во Европа - се отвори оваа година со претставата Д (Како Дездемона) од Скопскиот танцов театар. Оваа продукција, сместена претежно во речиси целосен мрак и посветена на откривање на потемните аспекти на човечката природа (што, според мене, укажува и на пошироките сенки што ги фрла глобалното општество), се појави како највлијателен настан на фестивалот. Преку нивната рафинирана сценографија, изведувачите не само што создадоа интимна атмосфера, туку и воспоставија евокативен тон што стана резонантен почетен акорд на фестивалот.

Д (Како Дездемона) е креација на Рисима Рисимкин, искусна уметница и педагог, која исто така го режираше и кореографира делото. Претставата целосно одговара на барањата, тенденциите и трендовите на современиот театар, што е очигледно не само во нејзиниот наративен стил, туку и во неговата естетска форма. Таа не претставува линеарна нарација; наместо тоа, како што е вообичаено и докажано во современиот танц, нуди вињети - моменти, состојби и емоционални текстури кои ги пренесуваат искуствата и односите на ликовите во специфични контексти.

Д (Како Дездемона) е хибридна претстава, во која вербалните и невербалните форми коегзистираат во хармоничен дијалог - говорен збор и телесен израз, елементи на класичен и модернистички балет, алатки на физички и современ танц. Овие компоненти се спојуваат за да создадат оригинален и естетски обединет спектакл кој се спротивставува на вообичаеното цитирање на канонска кореографија, наместо тоа нудејќи ексклузивна и препознатлива сценска слика.

Музиката игра одлучувачка улога во оваа продукција. Музиката на Тони Китановски е прецизно прилагодена на емоционалните и драматичните потреби на претставата - или можеби, кореографијата беше прилагодена на музиката. Синергијата помеѓу композиторот и кореографот, за мене, го евоцира историскиот креативен сојуз на Џорџ Баланчин и Игор Стравински. Музичката композиција функционира како контрапункт, заедно со кореографската партитура. Заедно со музиката и костимографијата, оригинални и впечатливи во употребата на маски, шминка и современа облека – аудитивниот пејзаж исто така игра клучна улога. Дури и едно издишување или шепотена фраза носи драматична тежина, особено во сцените изведени во тишина, каде што дишењето станува сад за зголемена емоција.

Осветлувањето (Сцена и светла – Матеа Мијановиќ) е исто така суштински актер во делото, придонесувајќи за атмосферата и расположението, внимателно следејќи ги изведувачите и исчезнувајќи кога е

потребно. Уметничкото осветлување создава игра на сенки што додава секундарен визуелен слој – не само естетски пријатен, туку и семантички резонантен.

Ансамблот се издвојува по своето хармонично и флуидно движење, техничка прецизност и контрола на физичкото присуство – пленијќи ја публиката и продлабочувајќи го ангажманот со нивната уметност. Тие ги евоцираат фигурите на античката скулптура, како да се спуштиле и оживеале од фризот на фронтон на антички храм.

Рисима Рисимкин ги поместува границите на театарската форма - воведувајќи го говорниот збор во невербалниот театар, инкорпорирајќи го класичниот балет во современиот танц - и тоа го прави со елеганција и намера. Таа е уметница неограничена од конвенциите, слободно црпејќи ги алатките потребни за да ја пренесе својата визија за светот преку јазик што е единствено нејзин.

„26-ти Меѓународен фестивал на монодрама – Битола 2025“ од Лаша Чхартишвили

Зборовите „Битола“ и „Монодрама“ прераснаа во речиси симболични синоними. Меѓународниот фестивал на монодрама стана неразделно поврзан со градот Битола - престижен и историски значаен меѓународен форум кој ги обединува достигнувањата во драматургијата, режисерските иновации и извонредните соло изведби. Во текот на повеќе од четвртина век, основачите и кураторите на фестивалот посветија огромен труд и посветеност за да го трансформираат Фестивалот на монодрама во културен белег на градот.

26-тиот Меѓународен фестивал на монодрама – Битола 2025 повторно претставува извонредна програма. Заслугите за ова им припаѓаат на Љупка Пајевиќ (кралицата мајка на фестивалот), Влатко Илиевски (в.д. директор на НУ Центар за култура – Битола) и Благој Мицевски (селектор на фестивалот). Членовите на жирито се: харизматичната и засекогаш млада уметница Рисима Рисимкин од Македонија, остро интелигентниот Емре Ердем од Турција и Лаша Чхартишвили - односно јас, од Грузија - најагресивниот член на жирито, но сепак добронамерен кон сите. Според мене, организаторите направија правилен избор при изборот на жирито: едниот е практичен и успешен уметник, другиот - искусен и познат писател и режисер кој е поврзан со театарот со децении, а третиот - критичар. Комбинацијата од овие три професии воспоставува добра рамнотежа помеѓу емоционалната чувствителност и категоричното расудување.

Фестивалот се отвори во салата на Народниот театар во Битол со изведбата на „Д (Како Дездемона)“ од Скопскиот танцов театар (кореографија

и режија на Рисима Рисимкин, музика на Тони Китановски), овозможувајќи им на публиката впечатливо естетско искуство.

Подолу, ги споделувам моите субјективни размислувања за претставите прикажани во натпреварувачката програма на фестивалот:

***„ПАРАДОКС“ -** Театар „Маска“ – Јеленија Гора, Полска*
Автор и режисер: Кшиштоф Пулковски
Актер: Кшиштоф Рогачевиќ

Заедничката работа на Кшиштоф Пулковски и Кшиштоф Рогачевиќ е инспирирана од два романа на Џозеф Хелер: „Catch-22“ и „Closing Time“. Претставата навлегува во темата на војната, нејзините разорни последици и психолошкиот данок што го нанесува дури и врз оние кои никогаш не учествуваат директно во неа. За жал, прашањето за војната и нејзините импликации останува секогаш релевантно. И покрај илјадниците филмови и претстави создадени за нејзините ужаси, војните продолжуваат да избувнуваат низ целиот свет. Без разлика дали директно или индиректно, сите сме вклучени. Војната ги допира сите - дури и оние кои се далеку од фронтовските линии. Во оваа смисла, одлуката на фестивалот да се отвори со претстава што се занимава со толку итна, универзална тема беше и навремена и резонантна.

Во „Парадоксот“, Кшиштоф Рогачевиќ пренесува болка, лудило, иронија и гротескерија - понекогаш испорачувајќи емоционално сурови изрази кои ги доловуваат, со разоружувачка искреност, непоправливите последици од војната.

„КОЈ ЗНАЕ ЗОШТО?“
Народен театар – Битолско; Здружение „Купола“, Северна Македонија
Засновано на дела од Фјодор М. Достоевски
Режисер: Дамјан Читкушев
Актер: Ане Блажовски

„Кој знае зошто?“ зборува за секој од нас. Сите ние, во одреден момент, доживеавме очај, се чувствувавме преплавени од нихилизам. И сепак, надежта неизбежно се појавува. Верата се буди во нас, а со неа и желбата да се живее - повторно да се заљубиме во животот. Дури и под најтешките околности, кога светот е обвиен во темнина, човечките суштества бараат смисла. Тие замислуваат посветло утре, креативно се вклучуваат во реалноста и, правејќи го тоа, ја трансформираат. Оваа продукција на Дамјан Читкушев и Ане Блажовски поставува суштински егзистенцијални прашања: Во каков свет живееме? Која е неговата вистинска природа?

Понекогаш, животот наликува на сон - маглив, нереален. Но, секогаш постои можност сонот да стане реалност, под услов поединецот да е доволно имагинативен. Претставата сугерира дека човечките суштества се способни за сè - дури и за промена на ткаенината на сопственото постоење - сè додека поседуваат цел и упорност. Ова се чувствата и рефлексиите што продукцијата ги буди кај својата публика.

„ПРИКАЗНАТА ЗА ГОСПОДИН СОМЕР“

„Театар Касл“ - Клајпеда, Литванија
автор Патрик Зискинд
режисер Алвидас Визгирда
актер Ауримас Пинтулис

Ако ме замолат да ја опишам оваа претстава со еден збор, таа би била „рафинирана“. Да, она што го видовме беше рафинирана продукција - рафинирана во својата театарска и актерска култура. Режисерот Алвидас Визгирда и актерот Ауримас Пинтулис ја претставија богатата театарска традиција на нивната земја со достоинство. Тоа беше претстава каде што режијата остана невидлива, но опипливо присутна, суптилно вградена зад сцената. Во центарот стоеше Ауримас Пинтулис, кој ја донесе својата порака до публиката на високо професионално ниво. Тој не глумеше; тој живееше на сцената. Ова беше претстава каде што еден актер, без помош на сценографија, мултимедија или други уреди, ја принуди публиката да се покори - да го следи лакот на неговиот монолог, со целосно внимание и ангажман.

„КРИЕГ“

продукција Македонски центар ИТИ / ПРОДУКЦИЈА, Северна Македонија
продуцентка и режисерка Иванка Апостолова Баскар
актер Здравко Стојмиров

Не сум сосема сигурен дали „КРИЕГ“ воопшто треба да се рецензира како театарска претстава - затоа што, едноставно, не е таква. Тоа е кино. Или поточно, дури ни кино; а ако е кино, тоа е лошо кино. Постои глобален консензус дека театарот останува единствената вистински „жива“ уметничка форма. Театарот не може да постои без комуникација во живо.
Во текот на проекцијата на „КРИЕГ“, наивно очекував дека во одреден момент од сенките зад екранот ќе се појави актер - некој што можеби тивко седел на задниот дел од сцената, чекајќи го својот момент. Но, проекцијата заврши без тој момент воопшто да дојде. Актерот не се помрдна. Тој само се појави на крајот, само за да се поклони, како да ни се збогува.
Не е моја работа да прашувам зошто такво дело се најде во програмата на театарски фестивал. Но, моја професионална должност е да го оценам она

што го видов. „КРИЕГ“ се чувствува како производ роден од ерата на пандемијата, несмасно заробен помеѓу сферите на киното и театарот - хибрид што наликува на лилјак: не припаѓа ниту на птиците ниту на ѕверовите.

„ЛИРСКО ВИЛИНСКО КОЊЧЕ“

театар „МикРОПЕРА“ – Сарагоса, Шпанија
режисерот Ампаро Нугез и Зелија Ланаспа
авторката и актерката Зелија Ланаспа

Вистинскиот бисер на фестивалот беше продукцијата на театарот „МикРОПЕРА“, насловена како „ ЛИРСКО ВИЛИНСКО КОЊЧЕ “, создадена од режисерите Ампаро Нугез и Зелија Ланаспа, како и авторката и актерка Зелија Ланаспа. Оваа ситна шпанска актерка предизвика вистинска бура од темперамент и емоции на битолската сцена. Уште од првата минута, таа интерактивно ја ангажираше публиката и ја држеше во заробеништво 100 минути без да ја пушти, без да дозволи енергијата да падне или гледачите да се заморат - всушност, не можевме ни да сфатиме колку време поминало. Доколку претставата требаше веднаш да започне одново, сигурен сум дека ниту еден гледач нема да ја напушти салата, туку ќе остане за второ гледање, уверен дека искуството ќе биде сосема поинакво вториот пат.
Претставата, во режија на Ампаро Нугез и Зелија Ланаспа, донесе живи и шарени тонови во фестивалската програма.
Оваа претстава навистина остави впечаток врз мене; поточно, ме научи дека мора да имате верба во себе и да верувате во сопствените способности.

„ОКОТО НА ДЕМНАЧОТ“

Национален руски драмски театар – Чингиз Ајтматов – Бишкек, Киргистан
од Владимир Набоков
режисер и актер Александар Панин

„ОКОТО НА ДЕМНАЧОТ“ е соло претстава од Александар Панин, заснована на истоимената новела од Владимир Набоков. Актерот ја вложува целата своја сила и енергија во претставата, стремејќи се кон нејзиниот успех. Тој се предава целосно на сцената, никогаш не забавувајќи ни за момент, одржувајќи постојан проток на енергија, динамично присуство и темпо-ритам што постојано се искачува кон кулминацијата.
Панин го изведува делото двојазично, прво го пренесува текстот на англиски, а потоа на руски јазик. Тој додава физичка илустрација со рацете, што, иако креативно, на крајот ја поместува претставата во друга димензија - нарушувајќи ја нејзината структура и прекинувајќи го наративниот тек.

„МЕДЕА“

Лагодеки Драмски и куклен театар - Лагодеки, Грузија

режисер Разден Кервалишвили

актер Мадона Шубитиџе

Не беше изненадување што Грузија ја претстави Медеа на фестивалот на монодрама. Централната фигура на митот останува длабоко релевантна, инспирирајќи безброј толкувања низ времето. Продукцијата на Ражден Кервалишвили се фокусира на клучен момент во животот на Медеја - кога таа мора да одлучи како да му се одмазди на Јасон. Концептот на режисерот за поврзување на овој внатрешен конфликт со традиционалниот колхиски занает - обработка на волна - е интригантен, но на крајот неразвиен. На сцената се претставени разни традиционални алатки, на кои Медеја, портретирана од Мадона Шубитиџе, периодично се приближува.

Шубитиџе ни претставува бесна, одмаздољубива, ранета жена - жена која не може да прифати предавство или напуштање. Низ целата претстава, таа манипулира со нишки од преѓа како да ткае стапица како пајакова мрежа - стапица во која на крајот се заробува.

„НЕКА БИДЕ УМЕТНОСТ!“ – САД - автор, режисер и актер Роналд Ранд

„НЕКА БИДЕ УМЕТНОСТ!“ е рафинирана и промислена соло изведба на американскиот актер, режисер и драматург Роналд Ранд. Претставата го оживува Харолд Клурман - една од најлијателните личности во американскиот театар - нудејќи убедлив приказ на неговиот живот и наследство. Она што го гледаме на сцената е вистински мајстор на дело: актер кој се чини дека прави многу малку, а сепак секој гест и збор што го кажува се чувствува автентично, убедливо и крајно директно.

Изведбата на Роналд Ранд е мастерклас за амбициозни актери кои би можеле да размислат да се зафатат со соло претстава. Неговата работа нуди вредна лекција за моќта на воздржаноста, јасноста и поврзаноста со публиката.

„АЛМА МАЛЕР“

„Источен театар“, Лублин, Полска

автор Сашо Димоски

режисерка и актерка Дениз Абабеј - Романија

Романот на Сашо Димоски „Алма Малер“ е прилично обемно литературно дело кое го одразува животот и внатрешниот свет на Алма Малер, сопругата на австрискиот композитор Густав Малер.

Романот е структуриран како монолог, каде што Алма размислува за своите лични жртви, љубовта кон својот сопруг и осаменоста што го придружувала животот заедно со еден музички гениј. Прозата на Димоски е поетска и емотивна, давајќи му на текстот квалитет на монодрама.
Претставата се одвива со флуктуирачки ритам - наизменично помеѓу моменти на интензитет и досадно повторување. Иако режисерот предлага оригинален формален концепт, тој не успева целосно да се реализира. Актерката очигледно се стреми да воспостави врска со публиката, но не успева вистински да се вклучи: таа избегнува контакт со очите, никогаш директно не им се обраќа на гледачите и наместо тоа гледа во далечината додека зазема стилизирани пози.

***„ДЕКАМЕРОН" -** Државен куклен театар Сливен, Бугарија*
драматург Нина Мазур
режисер Невена Митева
актерка Ана Петрова

Последното изненадување на овогодинешниот фестивал беше многу пријатно, иако не сосема неочекувано. Нина Мазур е добро позната и остварена драматуршка писателка, Невена Митева е меѓународно призната режисерка, а јас сум запознаена со делото на Ана Петрова. Затоа очекував нивната соработка да биде силна, и тие очекувања беа целосно исполнети. Ана Петрова навистина ја насмеа публиката и ја разубави атмосферата.
Типолошки, Ана Петрова е многу забавна и привлечна. Таа танцува - можеби не совршено - но нејзиното танцување е шармантно затоа што е искрено и верно на нејзиниот лик. Петрова демонстрира голем талент, глумачка вештина и извонреден дар за импровизација, како и одлични техники на комуникација со публиката. Таа директно комуницира со неколку членови на публиката, кои стануваат дел од претставата, но најважно од сè, публиката како целина станува дел од претставата.
Присуството на режисерот суптилно се чувствува насекаде, но сепак актерката никогаш не го губи тонот, хуморот и самоиронијата на текстот на Нина Мазур. Затоа Декамерон стана еден од најзначајните и најпаметните настани на фестивалот.

Заклучни согледувања

Претставите демонстрираа високо ниво на креативност и воспоставија незаборавна врска со публиката, јасно покажувајќи дека монодрамата е театарска форма што ги трансформира човечките емоции и раскажувањето приказни во уникатно и фасцинантно искуство.

Фестивалот уште еднаш потврди дека монодрамата продолжува да се развива, да воведува иновации и да поттикнува креативен дијалог помеѓу публиката и изведувачот. Меѓународната соработка има посебно значење - обединувањето на креативните сили поканети од различни земји дополнително ја збогатува театарската сцена.

Со нетрпение ги очекуваме идните изданија, можеме да кажеме дека овогодинешните фестивалски успеси поставуваат висок стандард и нè охрабруваат да продолжиме да ги истражуваме неограничените можности на монодрамата.

Програмските содржини на 26-от по ред Интернационален фестивал на монодрама – Битола, ги посетија околу 8.000 посетители.

4. 50-та Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“

- Фоаје на НУ Центар за култура – Битола

- 27 мај до 20 јуни 2025 година

Наместо вовед

„Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ е воспоставена во 1975 година и во 2025 година го одбележува 50-тото јубилејно издание. Изложбата која е најстара од овој вид во РС Македонија, па и пошироко, преку својот континуитет, покажува дека дефинираната тема поседува универзални и уникатни вредности кои со текот на времето добиваат нова свежина и потенцијал. Посветеноста кон воспоставување на инспиративно – креативна врска меѓу народната култура и децата низ деценииите се покажа како многу успешна и плодотворна. Со благодарност до сите кои со едукативен, уметнички или организационен труд учествувале во формирањето и континуираниот тек на изложбата, посакувам понатамошен развој како и плодна и успешна работа во деценииите кои престојат.“

Влатко Илиевски В.Д . Директор на НУ Центар за култура – Битола

„Народната култура е обележје на секој народ. Секоја генерација остава дел од својата креативност во богатото културно наследство. Детската фантазија, детската креативност инспирирана од народната култура создава нови визии, нови светови, нов поглед на традиционалните вредности. Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ оваа година го има своето јубилејно 50-то издание. Половина век изворите од минатото со своите бистри и чисти уметнички бранови ја галат детската имагинација која создава творби кои не носат кон идните патеки од

творештвото. Илјадници деца, ликовни педагози, ментори, организатори и реализатори го создадоа и го одржуваат континуираниот тек на развојот и исполнувањето на мисијата и целите на изложбата. Јубилејната изложба ни носи нов поглед и нова инспирација преточени во прекрасен мозаик од творби изработени во разновидни ликовни техники. Стручната жири комисија за изложување селектира 50 колекции со 577 ликовни творби од основните училишта од цела РС Македонија. Истражување, инспирација, творештво, континуитет...

Нека ни е честит јубилејот и нека означи цутење на нови цветови од своите корени.

м-р Валентин Соклевски

Следејќи ги творбите од Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво" низ сите овие пет децении, доаѓаме до повеќе согледувања, факти и заклучоци. Конкретно, работејќи со голем ентузијазам, со детска искреност и љубов кон творештвото, а истражувајќи го и својот талент, учениците од голем број основни училишта од целата наша држава, создаваа бројни прекрасни творби. Детските творби мотивирани од животот и работата на луѓето во своите домови, во занаетчиските дуќани, по нивите во полето, во работни денови или празници, инспирирани од народното творештво во сите облици, донесуваат нова перспектива на старите вредности. Културното наследство создавано со векови денес има непроценлива вредност и значење во континуитетот на најбитните карактеристики на материјалната и духовната култура на нашиот народ. Преку негувањето на традициите, како процес во воспитувањето и образованието на нашите деца, предводени од своите ликовни педагози, воспитувачи и ментори, а помогнати и со раскажувањата на нивните родители, дедовци и баби, со голем успех, дури и во овој брз наплив на современата технологија, децата ја продолжуваат вековната традиција оставајќи бесценето богатство како битен документ во етногенезата и културната историја на опстојување на својот народ.

Панде Петровски Ликовен педагог и уметник

За изложбата

Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво" е воспоставена во 1975 година со мисија и главна цел да овозможи континуитет на народната култура преку инспирација и творештво.

Изложбата, која оваа година го одбележува својот 50-ет годишен јубилеј, е најстара од својот вид и тематска ориентација во нашата држава и преку својот континуитет ги покажа своите уникатни и универзални вредности кои со текот на

времето добиваат нова свежина и потенцијал. Воспоставената инспиративно – креативна врска меѓу традицијата и новите генерации на творци се покажа како успешна и мошне плодотворна.

Реализирајќи ги целокупните потребни активности од есента 2024 година па се до мај 2025 година, во согласност со потврдените оперативни планови и програми, на зададената тема се ангажираа голем број деца – творци заедно со нивните ментори и ликовни педагози од основните училишта ширум нашата држава. До организаторот пристигнаа преку 2.000 детски творби од кои стручната жири комисија за експонирање селектира 50 колекции со околу 577 творби.

Во согласност со Пропозициите, Жири комисијата во состав: Панде Петровски – ликовен педагог, Весна Дунимагловска – ликовен педагог, Анкица Стевановска – професор по класично сликарство, додели соодветни награди и признанија и тоа: 29 рамноправни награди за најуспешни поединечни детски творби, осум награди за најдобри колекции и две специјални награди за четири пати по ред освоени награди за најдобри колеции.

Свечено отворање и доделување на награди и признанија

Свечено отворање на Изложбата се реализира на 27 мај 2025 година со почеток во 12 часот на платото и во фоајето на НУ Центар за култура – Битола.

На почетокот од отворањето, пред присутните гости и посетители од многу градови од Републиката, Детскиот оркестар на народни изворни инструменти на КУД „Илинден" Битола интерпретираше неколку народни инструментални ора.

Во рамките на официјалниот чин кој го водеше м-р Валентин Соклевски, свој пригоден говор одржа Панде Петровски – ликовен педагог, а изложбата за отворена ја прогласи Габриела Илиевска Претседателка на Советот на општина Битола.

Во воведниот дел од отворањето м-р Валентин Соклевски напомена:

„Половина век изворите од минатото со своите бистри и чисти уметнички бранови ја галат детската имагинација, која создава творби што нè носат кон идните патеки од творештвото. Илјадници деца, ликовни педагози, организатори и реализатори го создадоа и го одржуваат континуираниот тек на развојот и исполнувањето на мисијата и целите на изложбата. Јубилејната изложба ни носи нов поглед и нова инспирација преточени во прекрасен мозаик од твори изработени во разновидни ликовни техники."

Долгогодишниот стручен соработник во реализацијата и еден од основачите на изложбата ликовниот педагог и уметмник Панде Петровски меѓу останатото истакна:

„Преку негувањето на традициите, како процес во воспитувањето и образованието на нашите деца, предводени од своите ликовни педагози, воспитувачи и ментори, а помогнати и со раскажувањата на нивните родители, дедовци и баби, со голем успех, дури и во овој брз наплив на современата технологија, децата ја продолжуваат вековната традиција оставајќи бесценето богатство како битен документ во етногенезата и културната историја на опстојување на својот народ.“

Во рамките на свеченото отворање, госпоѓата Габриела Иливска, претседателка на Советот на Општина Битола ги поздрави присутните и сподели меморија од своите ученички денови – дека претседателот на жири комисијата Панде Петровски и бил наставник по ликовно, што за Габриела Илиевска претставува показ за енергијата што се внесува и етиката што се практикува во секој од чекорите за селекција, оценување, наградување. Потоа госпоѓата Илиевска ја прогласи изложбата за отворена и ги предаде наградите и признанијата на најуспешните детски творци и нивните ликовни педагози.

По доделувањето на наградите и признанијата присутните ја разгледаа изложбата која беше поставена во фоајето на НУ Центар за култура – Битола.

Награди, признанија и Каталог на учесници

Во согласност со Пропозициите, Жири комисијата во состав: Панде Петровски – ликовен педагог, Весна Дунимагловска – ликовен педагог, Анкица Стевановска – професор по класично сликарство, доделени соодветни награди и признанија и тоа:

Жири комисијата додели специјална награда за континуирано четири пати по ред добиена награда за најдобра колекција на:

1. ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци - л.п. Ристо Јосифовски
2. ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово - л.п. Марина Ц. Мартиновска

Жири комисијата додели рамноправни награди за најдобри колекции на следните основни училишта и нивните ликовни педагози:

1. ООУ „Никола Карев“ Крушево - л.п. Емил Солески
2. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани - л.п. Марија Мицова Гацова
3. ООУ „Гоце Делчев“ Битола - л.п. Кристина Стојанова
4. ООУ “Гоце Делчев“ Неготино - л.п. Ѓурѓица Андонова
5. ООУ „Димче А. Габерот“ Д. Капија - л.п. Валентин Вучиниќ
6. ООУ „Елпида Караманди“ Битола - л.п. Славица Маркоска

7. ООУ „Коста Рацин“ Брвеница - л.п. Лина Тренкоска - ментор Тања Костадиновска
8. ООУ „Браќа Миладиновци“, с. Добрушево, општина Могила
л.п. Кирил Константин

Жири комисијата додели поединечни награди за најуспешни ликовни творби на следните ученици:

1. Андреа Димитрова 7-2 одд.
ОУ „Св. Кирил и Методиј“ – Кочани
2. Матеа Златареска 9-г одд.
ООУ „Гоце Делчев“ – Прилеп
3. Лина Станишиќ 7 одд.
ООУ „Гоце Делчев“ – Неготино
4. Леона Лазаревска 13 год.
Имагинариум Арт Студио – Битола
5. Меги Насковска 9-3 одд.
ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово
6. Драгана Костовска 8-1 одд.
ООУ „7 Марси“ – Брвеница, с. Челопек
7. Илија Јаневски 9-3 одд.
ООУ „Блаже Конески“ – Прилеп
8. Кристина Гацева 8-б одд.
ООУ „Димче А. Габерот“ – Демир Капија
9. Даниела Теова 9-4 одд.
ООУ „Васил Главинов“ – Велес
10. Антонио Николовски 6 одд.
ООУ „Кочо Рацин“ – Ивањевци, Д. Српци
11. Анастасија Станисавовска 9-в
ООУ „Герас Цунев“ – Струмица, с. Просениково
12. Лина Веселиноска 5-1 одд.
ООУ „Коста Рацин“ – Брвеница
13. Елса Весели 8-3 одд.
ОУ „Наим Фрашери“ – Тетово
14. Ива Нојков 8-в одд.
ООУ „Даме Груев“ – Битола
15. Ангела Трајковска 9-4 одд.
ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово
16. Елена Палиниќ 9-а одд.
ООУ „Димче А. Габерот“ – Д. Капија

17. Ајдан Реџеповска 8 одд.
    ООУ „Браќа Миладиновци“ – Добрушево
18. Матеа Илиевска 9-в одд.
    ООУ „Даме Груев“ - Битола
19. Никола Биков 7 одд.
    ООУ „Гоце Делчев“ – Кавадарци
20. Ива Пановска 9 одд.
    ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци
21. Мила Манојлоска 8-1 одд.
    ООУ „Коста Рацин“ – Брвеница
22. Максим Ѓоргиевски 7 одд.
    ООУ „Гоце Делчев“ – Битола
23. Светлана Митревска
    ООУ „Тошо Велков Пепето“ – Кавадарци
24. Лана Гечева 6-б одд.
25. Симона Николова 6-б одд. Бојана Манова 6-б одд.
    Марија Попова 6-б одд. Родне Манџункова 6-б одд.
    Алиса Омерова 6-б одд.
    ООУ „Димче А. Габерот“ - Кавадарци
26. Лазар Горшевски 8-а одд.
    ООУ „Елпида Караманди“ – Битола
27. Снежана Ганчева 8-а одд.
    ООУ „Гоце Делчев“ – Кавадарци
28. Бојан Андриќ 8-в одд.
    ООУ „Гоце Делчев“ – Кавадарци
29. Ивана Неданова 8-1 одд.
    ОУ „Александар Турунџев“ - Кукуречани
30. Ателје за ликовна уметност Адамс АРТ – Битола
    (групна творба)

Заклучни согледувања, факти и аргументи

Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ во 2025 година го одбележа својот 50-ет годишен јубилеј.

Изложбата, која е една од најстарите и најреномираните во рамките на својата тематска ориентација во РС Македонија, креативно егзистира 50 години во континуитет, со што докажа дека зададената тема поседува универзални и уникатни вредности кои со текот на времето добиваат нова свежина и иницирачки потенцијал.

Во рамките на изложбата беа изложени 577 детски творби од 50 колекции на ликовни творби од основните училиште од РС Македонија. Изложбата, која беше отворена за посета во периодот од 27 мај до 20 јуни 2025 година, ја посетија преку 2.500 посетители. За потребите на изложбата напечатен е соодветен *Каталог* со податоци за учесниците и нивните ликовни педагози и ментори.

Во рамките на активностите поврзани со изложбата НУ Центар за култура – Битола издаде *Боенка „Народната култура – трајна инспирација"* во која се поместени дел од наградените детски ликовни творби од јубилејната изложба.

Боенката беше свечено промовирана на 21 јули 2025 година во малата сала на НУ Завод и Музеј – Битола во рамките на 55-от Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" Битола.

Државната изложба на детски ликовни творби на тема *„Народната култура како трајна инспирација во моето творештво"*, и оваа година ја исполни главната цел и зацртана мисија за поттикнување и насочување на младите генерации да се запознаат со богатото народно културно наследство, за да можат да се инспирираат и да создаваат творби кои се длабоко втемелени во традицијата, а сепак осовременети и адекватни на времето кое живеат.

Преку реализацијата на изложбата, илјадници деца, ученици ширум Републиката, заедно со нивните ликовни педагози неуморно истражуваат низ бесценетиот народен мозаик. Токму таа активност, истражувањето, инспирацијата и креацијата, обезбедуваат континуитет на долгата културна традиција.

„Младите уметници ја претворија традицијата во своја уметност.
Тие се млади, но нивната уметност зборува со зрелост,
чувствителност и љубов кон традицијата.
Инспирирани од богатството на народната култура,
ја претворија фантазијата во слики, а историјата – во бои и форми."

рб	Наслов	посетители
1.	Концерт на Камерниот оркестар на Битола „Засекогаш во срцата" 2025	850
2.	Промоција на монографија „25 години Интернационален фестивал на монодрама – Битола" Автори: Автори Сашо Димоски и Билјана Крајчевска	100
3.	26-ти Интернационален фестивал на монодрама – Битола	8.000
4.	50-та Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво"	2.500
	ВКУПНО	**11.450**

III. КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ НА НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА БИТОЛА ЗА 2025 ГОДИНА

НУ Центар за култура Битола располага со две сали кои се опремени за кино проекции,„Голема сала“ со капацитет за 847 посетители и „Мала сала“ со капацитет за 107 посетители.

Благодарение на филмскиот проектор BARCO DP2K-23B, со кој е опремена големата сала, НУ Центар за култура Битола има можност да ги прикажува сите најнови филмски наслови.

Малата сала не располага со ДЦП опрема за прикажување на филмови. Новите филмски наслови не се достапни на блу-реј технологија, што го отежнува планирањето и распределбата на филмови, како и зголемувањето на приходот од влезници.

Вкупниот број на посетители на филмските проекции за периодот од 01 јануари до 30 јуни 2025 година е 9.194 (од редовен репертоар и другите организирани активности).

Во прилог е листа на насловите кои биле прикажани во голема и мала сала:

1. „Дедо Мраз супер херој“
2. „Времето што го имаме“
3. „Соник : Супер еж 3“
4. „Муфаса: Кралот лав“
5. „Носферату“
6. „Мечето Падингтон во џунглата“
7. „Ексурзија“
8. „Емилија Перез“
9. „Целосно непознат“
10. „Клинци каубојци“
11. „Човек волк“
12. „Придружба“
13. „Бамби: Приказна за животот во шумата“
14. „Тетовирани“
15. „Дражен“
16. „Догмен“

17. „Душичката Ели“
18. „Капетан Америка: Храбар нов свет“
19. „Бриџит Џонс: Луда по него“
20. „Марија“
21. „Нескршливото момче“
22. „Уау! Порака од вселената“
23. „Шок“
24. „Мики 17“
25. „Ветената земја“
26. „Летни бунтовници“
27. „Вистинска болка“
28. „Поплава“
29. „Хитпиг“
30. „Црна торба“
31. „Снежана“
32. „Работникот“
33. „Мајкрафт Филм“
34. „Градина“
35. „Аматер“
36. „ДРОП“
37. „Бунтовната принцеза“
38. „Баш супер“
39. „Грешници“
40. „Денот кога земјата експлодираше“
41. „Објаснување на се“
42. „Сметководител 2“
43. „Тандерболти*“
44. „Дивиот дијамант“
45. „Хокус- покус диплококус“
46. „Скејтерки – станете“
47. „Поздрави од Марс“
48. „Лило и Стич“
49. „Невозможна мисија: Финална одмазда“
50. „Макс и сениорскиот одред“
51. „Леси - нова авантура“
52. „Последна дестинација: Наследства“
53. „Како да го дресирате вашиот змеј“
54. „Балерина“
55. „Девојките од балконот“
56. „Јон Вардар против Галаксијата“

57. „Арманд“
58. „Елио“
59. „Животно“
60. „Ф1“

Вкупен број на наслови	60
Вкупен број на посетители	9.194
Германски институт вкупно проекции	4
Германски институт вкупно посетители	612

Вкупно проектирани филмови: 64
Вкупно посетители: 9.806

IV. МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ, ПОЕДИНЦИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ИНСТУТУЦИИ ВО СОРАБОТКА СО НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА

Сценските простори на Центарот за култура – Битола се отворени за проекти, манифестации, концерти, претстави и други проекти од различни жанрови и дејности во организација на други институции, организации, здруженија, поединци и уметници од РС Македонија и странство. Дел од тие манифестации беа од комерцијален, а дел од непрофитен карактер. Најголемиот дел од манифестациите од непрофитен карактер се реализирани во соработка со НУ Центар за култура – Битола.

Согласно Летописната книга во првиот дел од 2025 година се реализираа :

1. **Настан по повод раѓањето н Господ Исус Христос**
   - Мала сала на НУ Центар за култура
   - Организација: “Животот е повеќе“Здружение за промовирање на Духовните вредности - Битола
   - 04.01.2025 сабота
   - Присутни : 50 посетители

2. **Зимско издание на ИФФК “Браќа Манаки“**
   - Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организација: НУ Центар за култура – Битола и “Браќа Манаки“
   - 17.01.2025 петок
   - Присутни: 50 посетители

3. **Дебатен Клуб „Контра кадар“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: ДЕБАТЕН КЛУБ КОНТРА КАДАР
   - 23.01.2025 четврток
   - Присутни: 15 посетители

4. **Дебатен Клуб „Контра кадар“**
   - Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: Дебатен клуб „Контра кадар“
   - 30.01.2025 четврток - 19.30 часот
   - 20 посетители

5. **Манифестација „80 години од првиот час на современ македонски јазик“ - Изложбана фотографии“Идни спомени“Дамјана Ристевска**
   - Долно фоаје на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: СОУ “Јосип Броз Тито“ – Битола
   - 05.02.2025 среда - 19.00 часот
   - 100 посетители

6. **Манифестација „80 години од првиот час на современ македонски јазик“ - Документарен филм“Неговиот глас“ (Давид Козаров,под покровителство на Никола Трајковски)**
   - Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: СОУ “Јосип Броз Тито“ – Битола
   - 05.02.2025 среда – 20:00 часот
   - 700 посетители

7. **Манифестација „80 години од првиот час на современ македонски јазик“ - Краток филм“Прекршени времиња“(ученици од I шест под менторство на професорката Софија Бејковска**
   - Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: СОУ “Јосип Броз Тито“ – Битола во соработка со НУ центар за култура - Битола
   - 05.02.2025 среда – 20:50 часот
   - 700 посетители

8. **Свечена академија по повод 80 годишен јубилеј од одржувањето на првиот наставен час на современ македонски јазик во македонската држава (Со претседателката на РС Македонија, Гордана Сиљановска Давкова**

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: СОУ "Јосип Броз Тито" – Битола во соработка со НУ центар за култура - Битола
- 06.02.2025 среда – 19:0 часот
- 850 посетители

9. **Средба со граѓани на Али Ахмети**
   - Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: Општинска организација на ДУИ – Битола
   - 08.02.2025 петок - 14.00 часот
   - 150 посетители

10. **Концерт на танцов спортски клуб "Спортикус"- Битола**
   - Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: Танцов спортски клуб "Спортикус" – Битола
   - 08.02.2025 сабота - 19.00 часот
   - 500 посетители

11. **СТЕНД – АП шоу Тино и Атанас**
   - Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: ДПТУ МУН МЈУЗИК Скопје
   - 14.02.2025 петок – 20:00 часот
   - 847 посетители

12. **Концерт на Камерниот оркестар и солисти по повод 10 години работа на порталот "Битола Бабам Битола"**
   - Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
   - Организатор: Здружение за афирмација на музичката уметност "МЈУЗИК АРТ " – Битола во соработка соНУ Центар за култура – Битола
   - 27.02.2025 четврток - 20.00 часот
   - 850 посетители

13. **Стендап "Солза и смеа"**
   - Голема сала на НУ Центар за култура - Битола
   - Организатор: Балада АРТ Продукција – Прилеп
   - 05.03.2025 среда – 20:00 часот
   - 700 посетители

14. **Проекција на краток филм**
   - Мала сала на НУ Центар за култура – Битола

- Организатор: СОУ "Јосип Броз Тито" – Битола
- 07.03.2025 петок – 17:30 часот
- 45 посетители

15. МЈУЗИКЛ "ЦРВЕНКАПА" (прва претстава)

- Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Балада Арт – Продукција
- 15.03.2025 среда – 12:00 часот
- 110 посетители

16. МЈУЗИКЛ "ЦРВЕНКАПА" (втора претстава)

- Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Балада Арт – Продукција
- 15.03.2025 среда – 13:00 часот
- 110 посетители

17. МУЗИЧКО-СЦЕНСКИ СПЕКТАЛ "ПЕПЕЛАШКА"

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение за едукација и портал за современи изведувачки уметности Кире Миладиновски Танц Студио Зодијак – Прилеп
- 29.03.2025 сабота - 18.00 часот
- 300 посетители

18. КОНЦЕРТ НА ГРУПА ЖЕН ОД ЗАГРЕБ ХРВАТСКА

- Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение за развој на алтернативна култура Пондер и НУ Центар за култура – Битола
- 01.04.2025 вторник - 21.30 часот
- 45 посетители (собраните средства од концертот донирани за настраданите од трагедијата во Кочани)

19. Снимање документаерен материјал со музичка група "ФОЛТИН" – Битола

- Нова сцена на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Благој Мицевски
- 05.04.2025 сабота – 09.00 часот
- 20 посетители

20. Патронен празник на основното училиште со ресурен центар "Кочо Рацин" – Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: ОУ со ресурсен центар "Кочо Рацин"- Битола во соработка со и НУ Центар за култура – Битола
- 10.04.2025 четврток – 12:00 часот
- 850 посетители

21. Концерт на музичка група "Хексис"

- Горно фоаје на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение за алтернативна култура"Метал Дисчарџ"
- 10.04.2025 четврток - 21.30 часот
- 50 посетители

22. Детски фолклорен фестивал „Весел петок"

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- КУД „Илинден" Битола во соработка со НУ Центар за култура – Битола
- 25.04. 2025 година - 13:00 часот
- 500 лица

23. Детски фестивал „СИ-ДО" – 2025 (прв концерт)

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение на граѓани од областа на културата „ПРОМЕДИА" – Битола
- 30.04. 2025 година - 11:30 часот
- околу 700 лица

24. Детски фестивал „СИ-ДО" – 2025 (трет концерт)

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение на граѓани од областа на културата „ПРОМЕДИА" – Битола
- 30.04. 2025 година - 13:30 часот
- околу 750 лица

25. Детски фестивал „СИ-ДО" – 2025 (четврт концерт)

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение на граѓани од областа на културата „ПРОМЕДИА" – Битола
- 30.04. 2025 година - 19:30 часот
- околу 800 лица

26. Детски фестивал „СИ-ДО“ – 2025 (втор концерт)

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение на граѓани од областа на културата „ПРОМЕДИА“ – Битола
- 30.04. 2025 година - 09:30 часот
- околу 700 лица

27. Свечена академија и симпозиум на акушерки по повод Меѓународниот ден на акушерките

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Здружение на медицински сестри, техничари, акушерки и стоматолошки сестри „За нас“ Скопје
- 05.05. 2025 година - 13 часот
- околу 500 лица

28. Претстава од Црвен крст

- Голема сала на НУ Центар за култура - Битола
- Организатор: НУ Центар за Култура - Битола / Црвен крст – Битола
- 06.05.2025 – 12:00 часот
- 840 посетители

29. Дебатен Клуб „Контра кадар“

- Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Дебатен клуб „Контра кадар“
- 07.05.2025 четврток - 19.30 часот
- 20 посетители

30. Монодрама на Марјан Георгиевски – “Еко свест“

- Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
- Панел конекшн и НУ Центар за култура – Битола
- 10.05.2025 сабота - 20.00 часот
- 107 посетители

31. Манифестација „Талент шоу“

- Мала сала на НУ Центар за култура - Битола
- Организатори: ОО на Црвен крст и НУ Центар за култура – Битола
- 12.05.2025 понеделник – 20:00 часот
- 107 посетители

32. Стенд -ап со Никола Тодоровски

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Балада АРТ Продукција
- 14.05.2025 четврток – 20:00 часот - 700 посетители

33. Претстава „Зборови“ Бабец Театар Битола

- Нова сцена на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Бабец Театар Битола
- 15.05.2025 година – 17:00 часот
- 70 посетители

34. Патронат на ООУ „Коле Канински“ Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: ООУ „Коле Канински“ Битола
- 15.05.2025 година – 19:00 часот
- 810 посетители

35. Прес конференција на Џез Фабрика Фестивал – Битола

- Мала сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Џез Фабрика Фестивал - Битола
- 16.05.2025 петок – 18:00 часот
- 10 посетители

36. Завршна приредба на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор : ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола
- На 27 мај 2025 година - 17:00 часот
- околу 850 лица

37. Концерт на АФ “ПЛЕТЕНКА“ – Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ФОЛКЛОР “ПЛЕТЕНКА“ – Битола
- 28.05.2025 среда – 19:00 часот
- 800 посетители

38. Претстава на ЕДУСФЕРА (прва претстава)

- Нова сцена на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: ЕДУСФЕРА Битола
- 29.05.2025 година – 17:30 часот
- 45 посетители

39. Претстава на ЕДУСФЕРА (втора претстава)

- Нова сцена на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: ЕДУСФЕРА Битола
- 29.05.2025 година – 19:30 часот
- 50 посетители

40. СТЕНД-АП НАСТАП "ЃУРОЛОГИЈА" СО БРАНКО ЃУРИЌ – ЃУРА

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: СТАРДАСТ ДООЕЛ – СКОПЈЕ
- 30.05.2025 петок – 20:00 часот
- 500 посетители

41. Театарска претстава за здрави одлуки – превенција на зависности

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: СУМНАЛ – здружение за развоја на Ромската заедница
- 02.06.2025 година во 12 часот
- 350 посетители

42. Патронен празник на градинка ЈОУГД „Мајски цвет" Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: ЈОУГД „Мајски цвет" Битола
- 04.06. 2025 година - 18:00 часот
- околу 850 лица

43. Изложба на Александар Сотировски „30 години творештво"

- Фоаје на НУ Центар за култура – Битола
- Организатор: Александар Сотировски во соработка со НУ Центар за култура – Битола
- Од 20 до 30 јуни 2025 година
- Околу 1.000 посетители

44. Концерт на КУД „Илинден" Битола

- Голема сала на НУ Центар за култура - Битола
- Организатор КУД „Илинден" Битола
- 21 јуни 2025 година – 19:00 часот
- 750 посетители

45. **STEFANIJAZZ – 10 години од продукција "WELKOME TO STEFAANOJASJAZ MUSIK WORD"**
    - Нова сцена на НУ Центар за култура – Битола
    - Организатор: Стефанија мјузик ворд тп – Битола
    - 27.06.2025 петок - 20.00 часот
    - 40 посетители

Манифестациите ги посетиле околу 18.911 посетители.

V. ВКУПНО ПОСЕТИТЕЛИ

рб	Манифестации	Посетители
1.	Манифестации, фестивали, концерти и проекти од музичко – сценската, драмската, фолклорната дејност и визуелните уметности архитектура и дизајн во продукција на НУ Центар за култура – Битола	11.450
2.	Киноприкажувачка и филмска дејност	9.806
3.	Манифестации и проекти во организација на други субјекти, поединци, здруженија и институции во соработка со НУ Центар за култура – Битола	18.911
	ВКУПНО	**40.167**

Програмските содржини реализирани во периодот јануари – јуни 2025 година ги проследија преку 40.167 посетители

ВС / ЉС / МХМ / ЉКП

НУ Центар за култура – Битола
В.Д. Директор
Влатко Илиевски